Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.02-20444
29-10-2024 год.

СКОПЈЕ

Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно законските надлежности од чл.36 ст.1 алинеја 5 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр.102/19) во врска со чл.3 и 4 од Правилникот за начинот на формирање на Комисии за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите бр.01-1483/1 од 24.09.2021 година, на 503-та седница одржана на 24.10.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**СЕ ФОРМИРА Комисија за увид и оцена на судии на Основен суд Штип, Основен суд Кочани и Основен суд Струмица** во состав од:

- **Тони Делев** – претседател на Комисијата (-претседател-судија на Апелационен суд Штип);
- **Тодор Поп Панев** – член на Комисијата (судија на Апелационен суд Штип);
- **Никола Крстески** – член на Комисијата (судија на Апелационен суд Битола)
- **Емине Мурати** – член на Комисијата (судија на Апелационен суд Гостивар);
- **Гордана Сајковска** – член на Комисијата (судија на Апелационен суд Скопје).

Комисијата ќе врши оценување на судиите за периодот од 01.01.2023 година заклучно со 31.10.2024 година- вонредно оценување.

При оценувањето да се имаат предвид Методологијата за оценување на работата на судија врз основа на исполнетоста на квалитативните критериуми за судиското работење, Правилникот за начинот на формирање на Комисии за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите, одредбите за оценување од Законот за Судскиот совет на РСМ, Законот за судовите и законските прописи кои го регулираат работењето на судиите.

Погоре наведените подзаконски акти се објавени на веб страната на Судскиот совет на РСМ.

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Весна Дамева**